# Нацрт Обнова и измена на  А-интегрирана еколошка дозвола

**Име на компанијата**

Друштво за производство и трговија
БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип,
Подружница рудник Злетово

**Адреса**

Јаким Стојковски  бр. 2

**Поштенски број и град**

2210 Пробиштип

**Број на дозвола**

**Министерство за животна средина и просторно планирање**
Плоштад “Пресвета Богородица“ бр.3
1000 Скопје

# Содржина

**Нацрт Обнова и измена на А-интегрирана еколошка дозвола**

**Содржина**

**Вовед** ........ **ivii**

**Дозвола** ........ **1**

**1 Инсталација за која се издава дозволата** ........ **2**

**2 Работа на инсталација** ........ **6**
2.1 Техники на управување и контрола ........ 6
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) ........ 8
2.3 Техники на работа ........ 9
2.4 Заштита на подземните води ........ 121
2.5 Ракување и складирање на отпадот ........ 144
2.6 Преработка и одлагање на отпад ........ 166
2.7 Енергетска ефикасност ........ 177
2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија ........ 178
2.9 Бучава и вибрации ........ 20
2.10 Мониторинг ........ 21
2.11 Престанок на работа ........ 21
2.12 Инсталации со повеќе оператори ........ 22

3 **Документација** ........ **23**

4 **Редовни извештаи** ........ **25**

5 **Известувања** ........ **26**

**6 Емисии** ........ **28**
6.1 Емисии во воздух ........ 28
6.2 Емисии во почва ........ 28
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) ........ 29
6.4 Емисии во канализација ........ 31
6.5 Емисии на топлина ........ 31
6.6 Емисии на бучава и вибрации ........ 32

**7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води** ........ **35**

**8 Услови надвор од локацијата** ........ **36**

**9 Оперативен план** ........ **37**

**10 Договор за промени во пишана форма** ........ **39**

**Додаток 1** ........ **40**

**Додаток 2** ........ **41**

**Додаток 3** ........ **42**

**Министерство за животна средина и просторно планирање Дозвола Бр.**

Датум на издавање на Дозволата

## Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од дозволата***

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18, и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22 и 171/22) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, до одобреното ниво во Дозволата.

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Друштво за производство трговија и услуги ИНДО МИНЕРАЛС &МЕТАЛС увоз-извоз Пробиштип | 11-972/16 | 08.05.2014 |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| Решение за целосен пренос на А – Дозвола за усогласување со оперативен план за Друштво за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип | 11-3643/6 | 26.08.2016 |

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Вкупната површина на инсталацијата Друштво за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип, рудник Злетово изнесува 5,95 000km$^2$, односно 59,5000 ha.

Друштво за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип, рудник Злетово, претставува инсталација за производство на оловен и цинков концентрат од руда, согласно категоријата на индустриски активности кои се предмет на барањето за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план согласно Уредбата за определување активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план со временски распоред за поднесување барање за дозвола за усогласување со оперативен план припаѓа на категориите: Прилог1., Точка2. Производство и преработка на метали, 2.5. Инсталации, (а) за производство на обоени метали од руда, концентрати или секундарни суровини со металуршки, хемиски или со електролитски процеси; 5. Постапување со отпад, 5.6. Инсталации за управување со отпад од рудници.

Индо Минерал и Металс Дооел Скопје (во понатамошниот текст ИММ Пробиштип), како дел од Binani Group of Industries, London, UK, започна да стопанисува со рудникот Злетово од Пробиштип во 2006 година.

Владата на Република Македонија на 06.04.2016год. ја додели постојната концесија на БУЛМАК 2016 ДООЕЛ – Пробиштип. На 19.05.2016 сопственоста на инсталацијата Рудник Злетово ја превзема Друштво за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип.

Злетовското рудно лежиште, се наоѓа во просторот помеѓу Кратово и Злетово во западните предели на планинскиот масив Осогово. Површината на која се истражува и експлоатира оловоцинкова руда изнесува околу 20 км$^2$. Злетовското рудно лежиште го чини систем од над 16 главни и исто толку споредни рудни жици.

Рудата е основниот материјал кој се добива со откопување на рудните жици и таа треба да се транспортира од откопите до постројката за преработка на минерални суровини во Пробиштип.

Процесот на подготовка и концентрација на рудата ги опфаќа следните технолошки операции: примарно складирање и дробење со сеење, секундарно дробење со сеење и складирање, мелење и класирање, селективна флотациска концентрација, и, згуснување и филтрирање на производите од флотациската концентрација.

Флотациската јаловина од погонот за флотирање се транспортира со комбиниран хидротранспорт, гравитациски (систем на бетонски каналетки) и со помош на пумпи (затворен систем) на хидројаловиштето Скрдово.

За евакуација на водите од флотациското јаловиште се користат следните објекти кои функционираат како една целина: дренажен систем, преливен колектор и пумпна станица.

Одлагањето на флотациската јаловина, најчесто се врши со хидроциклони кои се поставуваат по круната на браната, при што се добиваат два производа: песок-крупни флотациски фракции и прелив-ситни флотациски фракции.

Со производот песок, се гради низводната брана, а производот прелив од хидроциклонот се испушта директно во таложно езеро.

Во согласност со член 118 став1 од Законот за животна средина средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, постапи по заедничкот барање бр. 11-3643/1 од 18.05.2016год. доставено од страна на ИММ Пробиштип, рудник Злетово и Булмак 2016 ДООЕЛ Пробиштип, и согласно одредбите претходно наведени реализира целосен пренос на А-дозволата за усогласување со оперативен план. При преносот, земен е во предвид и Извештајот од спроведена генерална еколошка ревизија - со пресек на состојбата на целата инсталација и процена на сите влијанија врз различните елементи на животната средина. Улогата на генералната еколошка ревизија е да се изврши проценка на состојбата со животната средина е да ги воочи усогласеноста и неусогласеноста на една инсталација со важечките законски барања од областа на животната средина.

Преминот во А-интегрирана еколошка дозвола се реализира по спроведен инспекциски надзор на 02.12.2016год. врз основа на барање од МЖСПП за известување за исполнување на обврските од А-Дозволата за усогласување со оперативен план со бр. 11-3643/8 од 01.09.2016год. при што е констатирано дека е целосно реализиран оперативниот план со вкупно осум активности.

Обезбедувањето на енергија се врши преку јавната електродистрибутивна мрежа и трафостаниците кои се присутни на сите локации.

Изработка на проект за техничко набљудување и оскултација на хидројаловиштето Скрдово, е во фаза на потпишување на договор со фирма која ќе го изработи проектот вклучително и студија за стабилност, деформации и напрегања на браните на хидројаловиштето. Студијата е предуслов за изгорвување на годишните извештаи за стабилност на браните.

Операторот на инсталацијата нема имплементирано Стандард за животна средина ISO 14001.

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

За било каква комуникација, контактирајте го надлежниот орган на адресата **Плоштад“ Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје**

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, член 55, став 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

## Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, Операторот го известува органот. Со цел барањето да биде успешно, операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120, став 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

## Пренос на дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Надополнето барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план бр. 11-3057/1 | 23.03.2012 год. | Доставено е надополнето барање за добивање А-дозвола за усогласување со оперативен план |
| Заклучок бр. 11-6087/1 | 01.07.2013 год. | Напишан е заклучок за дополнување на надополнетото барање |
| Дополнување на надополнетото барање бр. 11-6087/2 | 19.07.2013 год. | Доставено е дополнување на надополнетото барање |
| Доставување примерок од комплетираното надополнето барање бр. 11-6087/3 до надлежните институции | 31.07.2013 год. | Доставен е примерок од комплетираното надополнето барање и до надлежните институции |
| Објава на комплетираното надополнето барање бр. 11- 6087/4 во дневен печат | 12.08.2013 год. | Објавено е комплетираното барањето во дневен печат и Web страната на МЖСПП |
| Мислење од страна на Министерство за економија по однос на комплетираното барање бр. 11-6087/5 | 12.09.2013 год. | Добиено е мислење од МЕ по однос на комплетираното барање |
| Мислење од страна на општина Пробиштип по однос на комплетираното барање бр. 11-6087/6 | 28.10.2013 год. | Добиено е мислење од општина Пробиштип по однос на комплетираното барање |
| Објава на Нацрт на А-ДУОП во дневен печат | 23.12.2013 год. | Објавен е Нацртот на А-ДУОП во дневен печат и Web страната на МЖСПП |
| Одлука за отпочнување на постапка за преговори за добивање ДУОП и формирање тим за преговори | 22.01.2014 год. | Донесена е одлуката |
| Први преговори за А-ДУОП помеѓу МЖСПП и ИММ Пробиштип, рудник Злетово | 29.01.2014 год. | Записник бр. 1 од преговорите |
| Јавна расправа за Нацрт на А-ДУОП за ИММ Пробиштип, рудник Злетово | 13.02.2014 год. | Записник од Јавната расправа |
| Мислење по однос на Нацрт на А-ДУОП од општина Пробиштип | 14.02.2014 год. | Добиено мислење од општина Пробиштип |
| Дополнување на надополнетото барање бр. 11-972/12 | 03.04.2014 год. | Доставено е дополнување |
| Втори преговори за А-ДУОП помеѓу МЖСПП и ИММ Пробиштип, рудник Злетово | 03.04.2014 год. | Записник бр. 2 од преговорите |
| Издавање на А-ДУОП за ИММ Пробиштип, рудник Злетово бр. 11-972/16 | 08.05.2014год. | Одлучено позитивно |
| Барање за целосен пренос на А-ДУОП | 18.05.2016год. | Доставено е |

| | | |
|---|---|---|
| бр. 11 3643/1 | | известување со насоки за докомплетирање на истото |
| Известување со барање за дополнување на барањето бр. 11 3643/2 | 01.08.2016год. | Побарано е достава на пополнет образец за пренос, изјава од новиот оператор и извештај од извршена генерална еколошка ревизија |
| Достава на комплетирана документација бр. 11 3643/3 | 05.08.2016год. | Постапено согласно известувањето, пополнет образец за пренос, изјава од новиот оператор и извештај од извршена генерална еколошка ревизија |
| Решение за целосен пренос на А-ДУОП, Објава на решение за пренос и извесување до кабинет на министер бр. 11-3643/6, 11-3643/5 | 26.08.2016год. | Доставено е решението за целосен пренос |
| Објава на Решение за целосен пренос бр. 11-3643/7 | 24.08.2016год. | Објавено е решението во дневен печат на 30.08.2017год. и на веб страната од министерството |
| Барање за известување од ДИЖС бр. 11-3643/8 | 01.09.2016год. | За исполнување на обврски од А –ДУОП |
| Барање бр. 11-3643/9 | 19.09.2016год. | За пресметка за реализиран пренос |
| Известување за промена на седиште бр.11-4656/2 | 20.09.2016год. | Од централен регистар – тековна состојба |
| Известување бр. 11-6929/1 | 29.11.2016год. | За започнување со дејност |
| Записник од ДИЖС за извршен инспекциски надзор | 02.12.2016год. | Доставен електронски, постапено по известувањето бр. 11-3643/8 |
| Заклучок бр. 11-6253/1 | 19.12.2017год | За дополнителни податоци – предлог Програма за подобрување |
| Предлог програма за подобрување | 25.12.2017год | Постапено по заклучок |
| Објава на Нацрт А-ИЕД бр.11-6253/3 | 06.02.2018год | Објава на Нацрт верзијата во дневен печат и на веб страната од министерството, 13.02.2018 |
| Записник бр. 11-2240/1 | 30.03.2018год. | Завршен увид за реализација на премин од А-ДУОП во А-ИЕД на ден 29.03.2018год. |
| Известување (електронски доставено) | 17.04.2018 | Минимум услови за квалитет на материјали |

| | | |
|---|---|---|
| | | за запечатување на хидројаловиште |
| Барање за обнова и измена на А-ИЕД Бр.11-3771/1 | 08.07.2025 | Доставено е Барање за обнова и измена на А-ИЕД од ДПТ БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип, Подружница Рудник Злетово |
| Записник од Увид бр.11-3771/2 | 15.08.2025 | Напишан е Записник од извршен Увид на 14.08.2025 во врска со Барањето за Обнова и измена на А-ИЕД за ДПТ БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип, Подружница Рудник Злетово |
| Текст за Објава на Барањето за Обнова и измена на А-ИЕД бр.11-3771/3 | 23.09.2025 | Доставен е текст за Објава на Барањето за Обнова и измена на А-ИЕД за ДПТ БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип, Подружница Рудник Злетово<br>Текстот е објавен во дневните весници Нова Македонија, и Коха на 27 и 28.09.2025 |
| Известување и достава на примерок од Барањето до Институциите бр.11-3771/4 | 23.09.2025 | Доставено е Известување – достава на Примерок од Барањето до институциите, Минисерство за енергетика,Рударство иминерални суровини, Минситерство за здравство, Државен инспекорат за животна средина, Општина Пробиштип |
| Текст за Објава на Нацрт Обнова и измена на А-ИЕД бр.11- 3771/7 | 16.12.2025 | Доставен е текст за Објава на Нацрт Обнова и измена на А-ИЕД за ДПТ БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип, Подружница Рудник Злетово<br>Текстот е објавен во дневните весници Нова Македонија, и Коха на... |

Дозвола

Закон за животна средина

# Дозвола

Број на дозвола

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18, и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22 и 171/22), го овластува:

**{ Име на компанијата }** Друштво за производство и трговија
БУЛМАК 2016 ДООЕЛ
Пробиштип

со регистрирано седиште

**Адреса** ул. Јаким Стојковски бр. 2

**Поштенски број Град** 2210 Пробиштип

**Држава** Република Северна Македонија

**Број на регистрација на** компанијата 7117612

Да раководи со инсталацијата

**Цело име на инсталацијата** Друштво за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ, Пробиштип, Рудник Злетово

**Адреса** ул. Јаким Стојковски бр. 2

**Поштенски број Град** 2210 Пробиштип

во рамките на дозволата и условите во неа

**МИНИСТЕР/MINISTËR**

Датум

# Услови

# 1 Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| **Табела 1.1.1** | **Основни активности** | |
|---|---|---|
| **Активност од Прилог 1 и 2 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови** | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| Прилог 1<br>2. Произво дство и преработка на метали,<br>2.5. Инсталации, (а) за производство на обоени метали од руда, концентрати или секундарни суровини со металуршки, хемиски или со електролитски процеси;<br>5. Постапување со отпад,<br>5.6. Инсталации за управување со отпад од рудници. | Производство на оловен и цинков концентрат<br><br>9243 t Оловен Концентрат.<br><br>3057 t Цинковен Концентрат. | 500 000 t/год руда со две секции.<br>Моментален производствен капацитет со една секција максимум<br>250 000 t/год на руда |

1.1.2 Активностите овластени во условите 1.1.1. ќе се одвиваат само во рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу во планот.

| Табела 1.1.2 | | | |
|---|---|---|---|
| Координати на инсталацијата рудник Злетово | Флотација | Рудник Добрево | Хидројаловиште Скрдово |
| | N: 42° 0’ 5.8494’’<br>E: 22° 10’ 31.4754’’ | N: 42° 1’ 35.9004’’<br>E: 22° 12’ 11.0268’’ | N: 41° 58’ 7.3344’’<br>E: 22° 10’ 44.58’’ |



Слика 1. Мапа на локацијата со географска положба и јасно назначени граници на дел од инсталацијата Булмак 2016 ДООЕЛ-Пробиштип, рудник Добрево



Мапа на локацијата со географска положба и јасно назначени граници на дел од инсталацијата Булмак 2016 ДООЕЛ-Пробиштип, рудник Злетово – погон за подготовка на рудата и погон флотација



Слика 3. Мапа на локацијата на дел од инсталацијата Булмак 2016 ДООЕЛ-Пробиштип, рудник Злетово – систем за транспорт на јаловина од погонот флотација до хидројаловиште Скрдово



Слика 4. Мапа на локацијата на дел од инсталацијата Булмак 2016 ДООЕЛ-Пробиштип, рудник Злетово –хидројаловиште Скрдово

1.1.3 Оваа дозвола е само за потребите на ИСКЗ според Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18, и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22 и 171/22), и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти, како и исполнување на условите и барањата од договорите и дозволите, како договорот за концесија и дозволата за експлоатација, кои операторот ги има склучено со државни институции на Република Северна Македонија.

1.1.4 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира и ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа дозвола. Сите програми кои треба да се извршат според условите на оваа Дозвола стануваат дел од дозволата.

# 2 Работа на инсталација

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во табела 2.1.1, доколку е во согласност со сите подточки од точка 2.1 од оваа дозвола, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.1.1 : Управување и контрола | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| **Управување и контрола на инсталацијата**<br><br>Структурата на управување.<br>Управување со животната средина.<br>Компетентост, стручна оспособеност и свест. | Барање Бр.11-3771/1<br><br>Прилог III | 08.07.2025 год. |

2.1.2 Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со инсталацијата за која се издава дозволата, ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

2.1.3 Во инсталацијата за која се издава дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од дозволата.

2.1.4 Копија од оваа дозвола и оние делови од барањето на кои се однесува дозволата ќе бидат достапни во секое време, за целиот персонал вклучен во изведување на работата што е предмет на барањата од дозволата.

2.1.5 Менаџерот на инсталацијата или номинирано, соодветно квалификувано и искусно лице, во улога на заменик, ќе биде присутен во инсталацијата во секое време во текот на работата на инсталацијата или како што е поинаку назначено од страна на Надлежниот орган.

2.1.6 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите на дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да им помогнат во извршувањето на нивните обврски.

2.1.7 Операторот ќе воспостави и одржува систем за управување со животната средина (СУЖС). Рок за имплементација на системот е 12(дванаесет)месеци од денот на издавањето на оваа дозвола. Рокот се однесува на сите компоненти од овој систем.

2.1.8 Операторот ќе воспостави процедури за да се обезбеди превземање на корективни мерки доколку специфицираните барања од Дозволата не се исполнети. Во процедурите ќе се дефинираат одговорноста и овластувањето за иницирање на понатамошна истрага и корективни активности во случај на пријавени прекршувања.

2.1.9 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите за обука и за обезбедување на соодветна обука за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од обуките.

2.1.10 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која ќе има ефект врз состојбата на животната средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/доставувачите или инсталаторите на опремата. Операторот јасно ќе ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветните вработени лица.

2.1.11 Операторот ќе воспостави и одржува програма за да се обезбеди дека постои соодветна контрола на процесот во разни модули на работење. Програмата ќе ги идентификува клучните индикативни параметри за контрола на функционирањето на процесот, како и методи за идентификација за мерење и контролирање на овие параметри. Процесите кои отстапуваат од нормалното работење ќе се документираат и анализираат за да се идентификува било каква корективна активност.

2.1.12 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за ревизија на управувањето со животната средина со цел да се провери дали:

- Активностите за управувањето со животната средина се во согласност со програмата за управување со животната средина и дали тие се имплементирани ефикасно;
- Ефективноста на системот за управување со животната средина во исполнување на политиката за животна средина на инсталацијата.

2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1., како и согласно останатите подточки од точка 2.2 од оваа дозвола, или на друг начин договорен со Надлежнот орган во писмена форма.

| | **Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)** | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Листа на суровини и помошни материјали, супстанции, препарати, горива и енергии употребени и произведени во инсталацијата ДПТ БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип. | Барање Бр.11-3771/1<br>Прилог IV | 08.07.2025 год. |

2.2.2 Операторот ќе го извршува складирањето на сите суровини, меѓупроизводи и готови производи согласно условите за складирање на Поглавје V, доколку се во согласност со точка 2.2.3.

2.2.3 Операторот ќе се придржува кон НДТ за избор на суровини, намалување на користење на вода и складирање на сите суровини, меѓупроизводи и готови производи.

2.2.4 Операторот ќе води Регистар на белешки за заштита и сигурност на сите суровини кои ги користи во инсталацијата.

2.2.5 Се задолжува Операторот доколку користи вода од поток Љути Дол, како и од село Близанци е должен веднаш да отпочне со постапка за добивање дозвола за користење на вода од страна на надлежниот државен орган и да ја следи истата без никакво одложување од негова страна сé до конечното добивање на истата.

2.2.6 Операторот е должен во рок од 6 (шест) месеци од добивањето на оваа дозвола да ги модернизира сите простории во кои се складираат сите суровини, меѓупроизводи и готови производи, согласно Законот за минерални суровини и подзаконските акти кои произлегуваат од него, како и други важечки законски и подзаконски акти на Република Северна Македонија.

2.2.7 Операторот ќе го известува Надлежниот орган за животна средина за секоја промена на суровините кои ги користи надвор од оние кои се наведени во барањето. Ова известување ќе се врши, доколку за тоа има потреба.

2.2.8 Операторот ќе направи преглед на ефикасноста на употребата на суровини во сите процеси, со особено внимание на намалувањето на создавањето отпад. Утврдувањето ќе се базира на најдобрите меѓународни искуства за овој вид на активност. Онаму каде што се идентификувани можни подобрувања, ќе се инкорпорираат во распоредот на цели и задачи за животната средина.

2.2.9 Се задолжува операторот да превземе мерки за обезбедување соодветни услви за складирање на нафта и масла за подмачкување, односно да обезбеди танквана за резервоарот за нафта со 110% волумен од резервоарот за нафта.

2.2.10 Садовите со масла да бидат поставени во собирни садови –танквана, за случај на евентуални истекувања.

2.2.11 Во однос на магацинот за складирање на боци за ацетилен и кислород, се препорачува операторот да превземе мерки за означување на просторијата и истакнување на процедури за ракување.

2.2.12 Доколку не постојат процедури за постапување со експлозивниот материјал, се препорачува операторот да ги подготви и истакне на соодветни места.

## 2.3 Техники на работа

2.3.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе се води на начин и со примена на техники опишани во документите наведени во Табела 2.3.1., доколку се во согласност со останатите подточки од то чка 2.3, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| | **Табела 2.3.1 : Техники на работа** | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| **Опис на инсталацијата, нејзините технички делови и директно поврзаните активности.**<br>Опис на проектот – А-Интегрирана еколошка дозвола.<br>Кратка Биографија.<br>Опис на локацијата.<br>Опис на локацијата на проектот.<br>Геологија.<br>Климатски карактеристики.<br>Флористично-Фаунистички преглед.<br>Техничко технолошки опис на дејноста или активноста.<br>Опис на технолошкиот опис на дејноста или активноста.<br>Опис на техолошкиот опис на дејноста или активноста.<br>Опис на технолошкиот процес.<br>Суровини.<br>Извори на емисија.<br>Отпадни води, квалитет на површински и подѕемни води.<br>Соѕдавање на отпад.<br>Бучава. | Барање Бр.11-3771/1<br>Прилог II | 08.07.2025 год. |

2.3.2 Операторот ќе го минимизира бројот на застои на операциите во инсталацијата.

2.3.3 Операторот ќе врши редовна контрола на садовите под притисок и сите цевководи и во временски периоди согласно Законот за минерални суровини и подзаконските акти кои произлегуваат од него како и согласно меѓународните стандарди за тој вид садови и цевководи и ќе го известува Надлежниот орган за нивната состојба.

2.3.4 Се задолжува операторот да го реши системот за хидротранспорт на јаловината од погонот флотација до хидројаловиштето Скрдово (Активност 2 од оперативниот план), согласно условите кои се пропишани со проектот кој треба да биде во согласност (да ги исполни условите) со Законот за минерални суровини и подзаконските акти кои произлегуваат од него како и согласно (да ги исполни условите) Законот за животна средина и подзаконските акти кои произлегуваат од него, односно целиот систем за хидротранспорт на јаловината треба да биде изведен на начин со кој ќе се обезбеди и гарантира целосна заштита на животната средина. Се препорачува, Операторот да ја провери техничката исправност на канелетките и на цевководот по целата должина и да се превземат мерки за нивна санација, со што ќе се избегнат несакани истекувања и прелевања. Исталожениот материјал од канелетките да се исчисти и да се депонира на јаловиштето.

Овие услови важат како за постојниот, така, евентуално, и за некој друг систем за хидротранспорт на јаловината кој што би бил изграден и користен од било какви причини.

2.3.5 Доколку, од било какви причини, дојде до оштетување на системот за хидротранспорт на јаловината, без да дојде до истекување на јаловината од истиот, операторот е должен во рок од три дена истото да го санира и да го доведе во состојба како пред оштетувањето.

2.3.6 Операторот ќе обезбеди и гарантира стабилност на низводната и возводната брана на хидројаловиштето Скрдово во секој момент од времето.(Изготвена е елаборат според член 198 од Законот за води за стабилност на браната и истата се обновува на годишно ниво. Состојбата редовно се следи преку: секојдневен визуелен преглед на цевководот, на браната и нивото на вода во езерото и месечен преглед на нивото и количините на води во пиезометрите.

2.3.7 Операторот е должен да поседува проект за управување со хидројаловиштето Скрдово за време и по завршувањето на експлоатацијата, и да започне со негова реализација, согласно важечките Законски и подзаконски акти на Република Северна Македонија.

2.3.8 Се задолжува операторот да изврши санација на круната на браната и проверка на состојбата на објектите кои го сочинуваат системот на хидројаловиштето.

2.3.9 Поради фактот што една од потенцијалните опасности за нарушување на квалитетот на воздухот е активното јаловиште на хидројаловиштето Скрдово, инсталирани се прскалки со низок притисок под 4 бари, мал домет (15 – 30м) и мала потрошувачка на вода, се задолжува операторот да врши редовно влажење на исталожениот материјал.

2.3.10 Начинот на складирање и управување со хемикалиите да биде во целост усогласен со добрите практики, односно да обезбеди соодветни услови за складирање на хемикалиите, да го санира подот, да обезбеди собирни садови и прибор за собирање на евентуални истекувања како и апсорпционен материјал, вклучително и техничко испитување на садовите во кои се врши подготовка на реагенсите.

2.3.11 Воспоставување и одржување на системa за управување со животна средина во рамки на рудник Злетово, обуки на вработените задолжени за ефикасно спроведување на активностите за управување со животната средина. За делот на инсталацијата за кој важат одредбите од Законот за минерални суровини, соодветна примена и постапување согласно наведениот закон.

## 2.4 Заштита на подземните води

2.4.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде контролирана како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1., доколку се во согласност со останатите подточки од точка 2.4, или на друг начин договорени со Надлежниот орган на писмено.

| | **Табела 2.4.1 : Заштита на подземните води** | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Прилог V.1 Ракување со суровини, горива, меѓупроизводи и производи | Барање Бр.11-3771/1<br>Прилог V | 08.07.2025 год. |
| V.1.1 Складирање на суровини<br>V.1.2.Транспортен систем<br>V.1.3 Резервоари | | |

2.4.2 Суровините, меѓупродуктите и производите ќе се складираат на места наменети за тоа, соодветно заштитени против истурање и истекување. Материјалите јасно ќе бидат означени и соодветно одделени.

2.4.3 Операторот во складиштето ќе има соодветен капацитет на опрема и/или соодветни апсорпциски материјали за да го задржат и апсорбираат било кое протекување во инсталацијата. Откако еднаш ќе се употреби апсорпцискиот материјал, истиот ќе се складира на соодветно место.

2.4.4 Целиот простор за складирање во резервоари, цистерни и буриња, како минимум треба да биде ограден локално, или да има оддалечен собирен базен поврзан со канал, чиј волумен не е помал од 110 % од капацитетот на најголемиот сад или буре во рамките на оградената област.

2.4.5 Сите влезни и излезни приклучоци, вентилациони цевки и приклучоци за мерење мора да бидат во рамките на танкваната.

2.4.6 Дренажните системи, танкваните ќе се прегледуваат редовно, ќе се чистат од мил како што треба и соодветно ќе се одржуваат во секое време . Целиот талог и отпадни течности од овие операции треба да се соберат и безбедно да се складираат.

2.4.7 Складирањето на енергенсите кои се користат во инсталацијата (нафта) ќе се врши согласно НДТ за нивно складирање.

2.4.8 Доколку при ракување со суровините како и од погонот флотација дојде до нивно истурање тоа треба да биде во посебно заштитен систем, кој целосно ќе обезбеди и гарантира безбедност на животната средина, кој ќе биде изведен согласно Законските и подзаконските акти на Република Северна Македонија, кој треба да ги пренесе до системот за хидротранспорт на јаловина.

2.4.9 Товарењето и истоварувањето на материјалите ќе се извршува на места наменети за тоа, заштитени од истурање и истекување.

2.4.10 Сите садови, контејнери и буриња ќе бидат јасно означени за да се знае точно нивната содржина.

2.4.11 Нема да има истурање на производот надвор од магацинот за негово складирање.

2.4.12 Нема да има истекување на јаловина од системот за хидротранспорт на јаловината од погонот флотација до хидројаловиштето Скрдово.

2.4.13 Сите резервоари, цистерни и цевоводи ќе се одржуваат соодветно на материјалите кои се пренесуваат низ или се складираат во нив.

2.4.14 Не смее да има било какво истекување од резервоарите и базените (површинско, странично или од дното) во кои се складира јамска отпадна вода од рудникот Добрево и повратна вода од хидројаловиштето Скрдово. Доколку такво истекување постои, истите веднаш треба да бидат санирани и обложени со материјал со кој ќе се гарантира дека нема да доаѓа до повторно истекување на вода од истите.

2.4.15 Нема да има истекување на отпадни води од рудникот Добрево. Исклучок е делот одводнување на јама “Злетово”т.е. одводнувањето може да се врши само низ контролираниот систем до резервоарите и базените за јамска отпадна вода во близина на погонот за преработка на рудата.

2.4.16 Нема да има емисии, вклучувајќи и фугитивни, на отпадни води од рудникот Добрево.

2.4.17 Се препорачува доколку подземните водни тела, околу хидројаловиштето Скрдово, не бидат опфатени со државната хидролошка мрежа за мониторинг операторот да се вклучи во изработка на локална хидролошка мрежа на мерни места за мониторинг на подземните водни тела која би се воспоставила од општината на чија територија се наоѓа инсталацијата согласно Законот за води.

2.4.18 Се задолжува операторот да обрне посебно внимание при транспортот и манипулацијата со горивата и мазивата до одредени локации во јамите во рудникот како не би се случила некаква хаварија што би довело до загадување на подземните води.

2.4.19 Операторот се задолжува да обрне посебно внимание при складирањето, манипулацијата и ракувањето со експлозивните средства согласно важечките законски прописи на Република Северна Македонија за оваа проблематика.

2.4.20 Операторот ќе се придржува кон НДТ за контрола на емисиите на материите во површинска и подземна вода и одводните канали и НДТ за фугитивни емисии во водата.

2.5 Ракување и складирање на отпадот

2.5.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1., доколку е во согласност со останатите подточки од точка 2.5, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| | **Табела 2.5.1 : Ракување и складирање на отпадот** | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Прилог V.2 Опис на управување со цврст и течен отпад во инсталацијата | Барање Бр.11-3771/1<br>Прилог V | 08.07.2025 год. |
| V.2.2 Мерки за управување со отпадот | | |
| V.3 Стратегија на управување со отпадот | | |
| V.4 Систем на одлагање на отпадот | | |

| Табела 2.5.2 : Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Барањето Бр.11-3771/1 од 08.07.2025 год.<br><br>Анекс 1 Табели - Табела V.5.1 и V.5.2 | Барањето Бр.11-3771/1 од 08.07.2025 год.<br><br>Анекс 1 Табели - Табела V.5.1 и V.5.2 | Барањето Бр.11-3771/1 од 08.07.2025 год.<br><br>Анекс 1 Табели - Табела V.5.1 и V.5.2 | Внатрешно контролирана област – достапна за овластени лица |

2.5.2 Операторот ќе обезбеди отпадот, пред да се превземе од друго лице, соодветно ќе се спакува и ќе се означи согласно националните, Европските и било кои други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување, притоа и зголемување на степенот на селекција.

2.5.3 Операторот ќе врши ракување и складирање на сите видови отпад (неопасен и опасен) согласно важечките Законски и подзаконски акти на Република Северна Македонија, се придржува до НДТ за управување со отпад и можности за негово намалување.

2.5.4 Доколку не е одобрено написмено од страна на Надлежниот орган, на Операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со неопасен отпад.

2.5.5 Операторот ќе управува со пакување и отпад од пакувања, батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори и електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема согласно важечките Законски и подзаконски акти на Република Северна Македонија.

2.5.6 Операторот годишно (на секои 12 месеци) ќе приложува План на кој се прикажани местата за складирање на отпадот, вклучително и геореференцирање на местата на складирање на опасен и неопасен отпад.

2.5.7 Операторот ќе го известува Надлежниот орган за животна средина за секоја промена на податоците кои се содржани во Табела 2.5.1. и Табела 2.5.2. Ова известување ќе се врши, доколку за тоа има потреба, еднаш месечно.

2.5.8 Операторот за оние делови од инсталацијата и за оние видови отпад за кои важи Законот за минерални суровини и подзаконските акти кои произлегуваат од него ракувањето и складирањето на отпадот ќе го врши согласно истите.

2.5.9 Операторот ќе се придржува кон НДТ за управување со отпад и НДТ за испитувања за намалување на отпадот.

2.5.10 Поради постапката на отстранување на салонитните покриви кои содржат азбест, се препорачува соодветно постапување со истите, од времено одложување - складирање до превземање од овластен превземач.

2.5.11 Се препорачува, старите искористени рударски лампи – складирани во метални буриња да се одвојат под другите видови отпад.

2.6 Преработка и одлагање на отпад

2.6.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во табела 2.6.1., доколку е во согласност со останатите подточки од точка 2.6 и подточките 2.3.5 и 2.3.6., или на друг начин договорен писмено со Надлежниот орган.

| **Табела 2.6.1 : Искористување и отстранување на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| V.1 Ракување со суровини, горива, меѓупроизводи и производи<br>V.1.1 Складирање на суровини<br>V.1.2.Транспортен систем<br>V.1.3 Резервоари<br>V.2 Опис на управување со цврст и течен отпад во инсталацијата<br>V.2.2 Мерки за управување со отпадот<br>V.3 Стратегија на управување со отпадот<br>V.4 Систем на одлагање на отпадот | Барање Бр.11-3771/1<br>Прилог V | 08.07.2025 год. |

2.6.2 Одлагањето и рециклирањето на отпадот на определено место ќе се одвива само во согласност на условите на оваа Дозвола и во согласност со соодветните национални и Европски законски регулативи и протоколи.

2.6.3 Операторот ќе врши преработка и одлагање на отпадот (сите видови на отпад, неопасен и опасен) согласно важечките Законски и подзаконски акти на Република Северна Македонија.

2.6.4 Операторот ќе го известува Надлежниот орган за животна средина за секоја промена на податоците кои се содржани во Табела 2.6.1. Ова известување ќе се врши, доколку за тоа има потреба, еднаш месечно.

2.6.5 Операторот ќе се придржува кон НДТ за искористување и одлагање на отпад.

2.6.6 Постапувањето со отпадот од дрво од рудникот Добрево согласно барањето, Анекс 1 Табели – Табела V.2.2. ќе се врши само доколку истиот не е контаминиран со опасни материи.

2.6.7 Операторот ќе обезбеди и гарантира стабилност на низводната и возводната брана на хидројаловиштето Скрдово во секој момент од времето.

2.6.8 Потребно е да се испита рокот и исправноста на хемикалиите, доколку истите се стари и неупотребливи истите да се третираат како отпад. Празната амбалажа, идентификувана како отпад, да се отстрани од овие простории.

2.7 Енергетска ефикасност

2.7.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе употребува енергија како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1., или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| **Табела 2.7.1 : Енергетска ефикасност** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Енергетска ефикасност | Дополнение на барањето Бр.11-3771/1 | 08.07.2025 год. |

2.7.2 Операторот треба да има план за управување со енергијата, кој ќе биде дополнуван годишно.

2.7.3 Операторот ќе се придржува кон НДТ за услови за основна енергија, НДТ за основни енергетски потреби и НДТ за понатамошни услови за штедење енергија.

2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија

2.8.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од несаканите дејствија, онака како што е опишано во документите наведени во табела 2.8.1., доколку е во согласност со останатите подточки од точка 2.8, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| **Табела 2.8.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Спречување на несреќи и итно реагирање<br>План за одбрана и спасување во рудници “Злетово”<br>План за заштита од пожари<br>Збирка на упатства и мерки за безбедност при работа | Барање Бр.11-3771/1<br>Прилог V | 08.07.2025 год. |
| Мерки за обезбедување на стабилност на јаловиштата | | |

2.8.2 Операторот ќе се придржува кон НДТ за несреќи и неправилни операции за типот на активност на кој припаѓа оваа инсталација.

2.8.3 Операторот во секој годишен извештај до надлежниот орган за животна средина е должен да даде информација за стабилноста на низводната брана на хидројаловиштето Скрдово, добиена како од релевантни служби на операторот така и од независна Државна институција надлежна за вршење на вакви испитувања и мерења.

2.8.4 Операторот во рок од 6 (шест) месеци од датумот на издавање на оваа Дозвола, ќе обезбеди дека функционира документирана Процедура за итни дејствувања, која ќе се погрижи за секоја итна ситуација која ќе се случи на локацијата. Оваа процедура треба да вклучи одредби за минимизирање на ефектите врз животната средина од било која итна ситуација. Оваа процедура треба да се разгледува на секои 12 месеци и да се ажурира според потребите. Процедурата треба да биде изработена и да се постапува со неа согласно важечките законски и подзаконски акти на Република Северна Македонија.

2.8.5 Операторот е должен да изготви проект за поплавен бран на хидројаливиштето Скрдово (Активност 7 од оперативниот план). Изготвен е план за поплавен бран, констатирано со записник ИП1-08-558 на 14.07.2015год.

2.8.6 Во случај да постои значителен ризик за испуштање на контаминирана вода, Операторот треба врз основа на наодите од оцената на ризикот, да подготви и имплементира, во согласност со Надлежниот орган, соодветна програма за управување со ризици. Програмата за управување со ризици треба целосно да се имплементира во рок од 12 (дванаесет) месеци од датумот на известувањето од страна на Надлежниот орган. Операторот, ќе треба да подготви проценка на ризик од еколошка одговорност во рамките на целата инсталација.

2.8.7 Во случај на несреќа Операторот веднаш треба да:

- го изолира изворот на било какви емисии;
- спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија;

- го процени загадувањето на животната средина, предизвикано од инцидентот;
- да идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите и ефектите кои следуваат;
- го забележи датумот и местото на несреќата;
- веднаш да го извести Надлежниот орган и другите релевантни институции.

2.8.8 Во случај на несреќа Операторот во рок од 1 (еден) месец од несреќата треба да достави предлог до Надлежниот орган или друг начин договорен со Надлежниот орган. Предлогот има за цел да:

- идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата;
- идентификува и постави било какви други активности за санација.

2.8.9 Операторот во врска со спречување и контрола на несакани дејствија, а што е различно од претходно наведеното, ќе постапува согласно Законот за животна средина, Глава XV – Спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции како и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот.

2.9 Бучава и вибрации

2.9.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ја контролира бучавата и вибрациите како што е опишано во документите наведени во табела 2.9.1., доколку е во согласност со останатите подточки од точка 2.9 од оваа Дозвола, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| | **Табела 2.9.1 : Бучава и вибрации** | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| VII.7 Влијание на бучавата | Барање Бр.11-3771/1<br>Прилог VII.5 | 08.07.2025 год. |
| VII.8 Влијание на вибрации | | |
| VII.9 Нејонизирачко зрачење | | |

2.9.2 Операторот е должен за цело време на работата на погонот за подготовка на рудата (дробилките и останатите уреди) да ги има затворени вратите на погонот.

2.9.3 Операторот е должен да ја изврши Активноста 6 од оперативниот план за поставување бариери помеѓу погонот дробење и локалните куќи. Овие бариери треба да ги задоволат условите од точка 6.6.1.

2.9.4 Мониторингот на индикаторите за бучава во животната средина предизвикана од извори на бучава од инсталацијата за која се издава оваа дозвола ќе се изведува согласно националното законодавство на РМ (“Закон за заштита од бучава во животната средина” , Сл. весник на РМ, бр. 79/07; “Правилник за поблиските услови во поглед на потребната опрема која треба да ја поседуваат овластени научни стручни организации и институции како и други правни и физички лица, за вршење на определени стручни работи за мониторинг на бучава”, Сл. весник на РМ, бр. 152/08; “Правилник за примената на индикаторите за бучава, дополнителни индикатори за бучава, начинот на мерење на бучава и методите за оценување со индикаторите за бучава во животната средина”, Сл. весник на РМ, бр.117/08).

2.9.5 Од инсталацијата нема да има емисии на вибрации во животната средина.

## 2.10 Мониторинг

2.10.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.10.1., доколку е во согласност со останатите подточки од точката 2.10, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| **Табела 2.10.1 : Мониторинг** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Места на мониторинг и земање примероци на инсталацијата ДПТ БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип, Подружница рудник Злетово Пробиштип. | Барање Бр.11-3771/1<br>Прилог IX | 08.07.2025 год. |
| IX.3.1 Мониторинг на емисии во атмосфера | | |
| IX.3.2 Мониторинг на емисии во површински води | | |
| IX.3.3 Мониторинг на емисии во канализација | | |
| IX.3.4. Мониторинг на емисии во почвата | | |

2.10.2 Ќе обезбеди:

**а** безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведено во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот, и

**б** безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.10.3 Земањето примероци и анализите на параметрите од отпадната вода ќе се врши согласно Законските и подзаконските акти на РМ, односно од страна на акредитирана научна или стручна организација (лабораторија).

2.10.4 Фрекфенцијата, методите и обемот на мониторинг, начинот на земање на примероци и анализа, како што е наведено во оваа Дозвола, може да се измени во согласност со Надлежниот орган кој ќе ја следи проценката на тест резултатите.

2.10.5 Операторот на инсталацијата треба да обезбеди лесен пристап до дренажите и колекторот со цел да се следи нивната состојба, а исто така да се овозможи лесен пристап до мерните места од каде се земаат примероци за анализа на водите. Воедно, да се провери и состојбата на пиезометрите и да се обезбеди лесен пристап за земање примероци за анализа на подземните води.

2.11 Престанок на работа

2.11.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во табела 2.11.1., доколку тоа не е во спротивност со останатите подточки од точка 2.11 , или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| **Табела 2.11.1 : Престанок на работа** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активостите | Барање Бр.11-3771/1<br>Прилог XIII | 08.07.2025 год. |

2.11.2 Операторот ќе се придржува кон НДТ, за активности во кои спаѓа овој тип на инсталација, за ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активостите на инсталацијата.

2.11.3 Операторот е должен во рок од 12 (дванаесет) месеци од денот на издавање на оваа дозвола и потребните Законски и подзаконски акти на Република Македонија да даде целосен опис за начинот на ремедијација, престанок со работа и грижа по престанок на активностите за: рудник Добрево, погонот за преработка на рудата и погонот флотација, системот за хидротранспорт на јаловина и хидројаловиштето Скрдово, согласно важечките Законски и подзаконски акти на Република Македонија, и финансиските средства потребни за тоа. Начинот на ремедијација, престанок со работа и грижа по престанок на активностите за: рудник Добрево, погонот за преработка на рудата и погонот флотација, системот за хидротранспорт на јаловина и хидројаловиштето Скрдово мора да се реализира согласно Законските и подзаконските акти на Република Македонија.

2.12 Инсталации со повеќе оператори

2.12.1 Со инсталацијата за која се издава дозвола управува само еден оператор. Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2. од оваа дозвола.

# 3 Документација

3.1.1 Документацијата ("Специфицирана Документација") ќе содржи податоци за:

a секоја неисправност, дефект или престанок со работа на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите врз животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

b целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 За инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време ќе бидат достапни:

a Спецификацијата документација;

b Било кои други документи направени од страна на Операторот поврзани со работата на инсталацијата за која се издава дозволата ("Други документи").

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

a да бидат читливи;

b да бидат направени што е можно побрзо;

c да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува за време на важноста на оваа дозвола, како и пет години по престанокот на важноста.

3.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува истата за време на важноста на оваа дозвола, како и пет години по престанокот на важноста) за

a составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;

b најдобра проценка на создадената количина отпад;

c трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и

d најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.

3.1.7 Операторот на инсталацијата за којашто се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

3.1.8 Системите за транспорт ќе се контролираат и редовно ќе се врши инспекција, за да не настане дисперзија на материјалот или истекување. Операторот е должен да води и чува евиденција од истата.

3.1.9 Операторот ќе води записник од секој инцидент. Овој запис треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените активности за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне повторно случување. Операторот треба што е можно побрзо по известувањето за инцидентот, да му поднесе евиденција за инцидентот на Надлежниот орган.

3.1.10 Операторот ќе се придржува кон своите обврски, согласно Законот за животна средина, член 110 (Општи обврски на операторот), 111 (Обврски на носителот на А-интегрирана еколошка дозвола) и 112 (обврска за асистенција).

# 4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2:

a во однос на наведени емисиони точки;

b за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

c давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и

d испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок наведен во Табела Д2 во Додатокот 2

**Годишен извештај за животна средина**

**Содржина**

Извештај за мониторинг за емисија во вода и бучава
Извештај за управување со отпад (квалитативен и квантитативен)
Извештај за сигурност на низводна брана на хидројаловиште Скрдово
Преглед за потрошувачка на суровини (квалитативен и квантитативен).
Извештај за забелешки (жалби/поплаки).
Програма за управување со животната средина - извештај од претходната година.
Програма за управување со животната средина - предлог за тековната година.
Извештај за тестирање и инспекција на резервоари, цистерни и цевоводи.
Извештај на пријавени инциденти.
Извештај за ефикасност на енергијата.
Извештај за утврдување на ефикасноста од користење на суровини во процесот и редукција на генерираниот отпад.
Извештај за прогресот кој е направен и развиените предлози за да се минимизира побарувачката на вода и волуменот на создавање течен отпад.

Годишниот извештај за животна средина операторот ќе го достави до Надлежниот орган најдоцна до 31 март наредната година.

# 5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:

a кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

b кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

c кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

d било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот треба да достави писмена потврда до Надлежниот орган за било кое известување од условот 5.1.1. согласно Распоредот 1 од оваа дозвола, преку испраќање на податоци наведени во Делот А од Распоредот 1 од оваа дозвола во рок од 24 часа од ова известување. Операторот ќе испрати подетални податоци наведени во Делот Б од тој Распоред, што е можно побрзо.

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве

a перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

b престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

c повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3. (б).

5.1.4 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

i било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

ii промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

iii за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен.

5.1.5 Операторот ќе обезбеди и одржува огласна табла за инсталацијата која ќе биде читлива за лицата кои се надвор. Минималните димензии на таблата треба да бидат 1200 mm на 750 mm. На таблата треба јасно да бидат прикажани:

- Името на имателот на дозволата;
- Референтен број на дозволата;
- Името и телефонскиот број на инсталацијата;
- Нормалното работно време;
- Телефон за контакт во итни случаи надвор од работното време; и
- Каде може да се добијат информации за животната средина во врска со оваа инсталација.

# 6 Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Нема да има емисии во воздух.

6.1.2 Од целата инсталацијата (рудник, погон за подготовка на руда, погон флотација, систем за транспорт на јаловината од погон флотација до хидројаловиште и хидројаловиште Скрдово) не се дозволени фугитивни емисии во воздух.

6.1.3 Операторот на инсталацијата да да врши редовно влажење на исталожениот материјал.

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Се задолжува Операторот, во рок од три месеци да достави извештај од хидрогеолошки испитувања за да се направи увид на состојбата со почвата и подземните води. Зачестеноста на понатамошниот мониторинг ќе се врши најмалку еднаш во период од пет години за подземни води и секои десет години за почва, освен ако таквиот мониторинг е базиран на систематска проценка на ризикот од загадување.

## 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точка на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од изворот наведен во таа Табела.

| **Табела 6.3.1 : Точки на емисии во вода** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија** | **Извор** | **Координати на мерно место** |
| W1 | Испуст од отпадни води од мешање на водите од колекторскиот и дренажниот систем | N 41° 58' 1.3398"<br>E 22° 10' 42.4812" |

6.3.2 Границите за емисиите во вода за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија поставени во Табела 6.3.2, нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.3.3 Операторот е должен да обезбеди соодветен претретман на отпадните води емитирани од емисионите точки дадени во табела 6.3.1

6.3.4 Доколку квалитетот на отпадните води од секоја од емисионите точки дадени во Табела 6.3.1 ги задоволува критериумите дадени во Табелите 6.3.2 преттретман на отпадните води не е потребен.

6.3.5 Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табелите 6.3.2, на точките на емисија и со фрекфенции наведени во таа Табела.

6.3.6 Атмосферските води од кругот на погонот за преработка на руда се фатени во соодветни канали кои завршуваат во системот за хидротранспорт на јаловината.

| **Табела 6.3.2 : Граници на емисии во вода** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија: W1** | | |
| Параметар | ГВЕ од А-ИЕД | Фрекфенција на мониторинг |
| pH | 6,5 -6,3 | неделно |
| Проток L/s | | |
| суспендирани материи | 30 mg/L | неделно |
| БПК$_5$ mg $O_2$/L | 2,01 -4,00 | неделно |
| ХПК mg $O_2$/L | 2,51 -5,00 | неделно |
| Арсен, As | 30 μg/L | неделно |
| Кадмиум, Cd | 0,1 μg/L | неделно |
| Олово, Pb | 10 μg/L | неделно |
| Цинк, Zn | 100 μg/L | неделно |
| Никел, Ni | 50 μg/L | неделно |
| Манган, Mn | 50 μg/L | неделно |
| Железо, Fe | 300 μg/L | неделно |
| Жива, Hg | 0,2 μg/L | неделно |
| Цијаниди, $CN^-$ слободни | 1 μg/L | неделно |
| Сулфиди, $S^{2-}$ | 2 μg/L | неделно |

6.3.7 Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.3.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.3.8 Нема да има емисии во вода од други извори надвор од оној даден во Табелата 6.3.1

6.3.9 Земањето примероци и анализите на параметрите од отпадната вода ќе се врши согласно Законските и подзаконските акти на РМ, т.е анализите на отпадните води треба ги врши акредитирана научна или стручна организација (лабораторија), за секој параметар соодветно;

6.3.10 Се задолжува операторот, за сите параметри наведени во Табела 6.3.2 за емисиона точка W1, во првите шест месеци од добивањето на А-ИЕД,да врши неделни мерења. Доколку измерените вредности се во рамките на граничните вредности се продолжува со месечен мониторинг, меѓутоа доколку и само еднаш се измерат вредности над пропишаните, се продолжува со мониторинг како во првите шест месеци.

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1. ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

| Табела 6.4.1 Точка на емисија во канализација | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија** | **Извор** | **Канализација** |
| К1 | Санитарни отпадни води од Булмак 2016 ДООЕЛ Пробиштип, Подружница Рудник Злетово Пробиштип | Канализационен систем на општина Пробиштип |

6.4.2 Границите на емисии во канализација, количеството на испуштените отпадни води, фреквенцијата на мониторинг и сл. ќе бидат дефинирани во договорот за испуштање на санитарни отпадни води помеѓу операторот и правното лице кое управува со канализациониот систем.

6.4.3 Нема да има емисии во канализација надвор од оние дадени во Табела 6.4.1

6.4.4 Нема да има испуштања на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

6.4.5 Се задолжува во рок од три месеци ,Операторот да превземе мерки за собирање на санитарните отпадни води, со што ќе се спречи испуштање на истите во реката Добревски поток. Се препорачува, собирање на санитарните отпадни води во водонепропусна септичка јама, која ќе се празни од овластена компанија.

| Табела 6.4.2 Граници на емисии во канализација – К1 | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Гранична вредност на емисија** | **Фреквенција на мониторинг** |
| pH | 6,5 – 9,5 | квартално |
| БПК$_5$ mg $O_2$/L | 250 | квартално |
| ХПК mg $O_2$/L | 700 | квартално |
| Температура °C | | квартално |
| Растворен кислород | >2 mg/l O2 | квартално |
| Вкупен азот N | 15 mg/l | квартално |
| Суспендирани материи | 35 mg/l | квартално |
| Вкупен фосфор P | 2 mg/l | квартално |

6.5. Емисии на топлина – Нема

6.5.1. Нема да има термално испуштање во површински води или во канализација кое ќе има влијание врз животната средина.

6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Граничните вредности за основните индикатори за бучава во животната средина предизвикана од извори на бучава од инсталацијата за која се издава оваа дозвола ќе бидат во согласност со националното законодавство на РМ (“Одлука за утврдување под кои случаи се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава”, Сл. весник на РМ, бр. 1/09; “Правилник за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина”, Сл. весник на РМ, бр. 147/08).

Табела 6.6.1: Мерни места на бучава во животната средина на границата на инсталацијата за која се издава дозволата

| Ознака на мерно место | Опис на мерно место | Координати на мерно место |
|---|---|---|
| M1 | Капија број 4 спроти бункери за ситна руда | N 42° 0' 5.8782"<br>E 22° 10' 33.6174" |
| M2 | Капија број 5 до базен за технолошка вода | N 42° 0' 9.4062"<br>E 22° 10' 36.8436" |
| M3 | Капија број 3 до регионален пат Пробиштип - Кратово | N 41° 59' 59.12"<br>E 22° 10' 47.10" |
| M4 | До куќа на ул. Славко Баев бр. 2 во непосредна близина на погон за дробење на руда | N 42° 0' 7.0992"<br>E 22° 10' 35.1438" |
| M5 | Двор на куќа на ул. Славко Воев бр. 4 во непосредна близина на погон за дробење на руда | N 42° 0' 6.3"<br>E 22° 10' 35.7636" |
| M6 | Двор на куќа на ул. Илинденска бр. 1 | N 42° 0' 8.496"<br>E 22° 10' 36.7746" |

| Табела 6.6.2 : Гранични вредности за индикатори на бучава во животната средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | За мерно место кое припаѓа во подрачје со I степен на заштита од бучава | | | | Фрекфенција на мониторинг |
| | До (датум) | L (dB) | Од (датум) | L (dB) ГВЕ | |
| Lд | До денот на издавањето на дозволата | 50 | Од денот на издавањето на дозволата | 50 | Годишно |
| Lв | До денот на издавањето на дозволата | 50 | Од денот на издавањето на дозволата | 50 | Годишно |
| Lн | До денот на издавањето на дозволата | 40 | Од денот на издавањето на дозволата | 40 | Годишно |

| Табела 6.6.2 : Гранични вредности за индикатори на бучава во животната средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | За мерно место кое припаѓа во подрачје со II степен на заштита од бучава | | | | Фрекфенција на мониторинг |
| | До (датум) | L (dB) | Од (датум) | L (dB) ГВЕ | |
| Lд | До денот на издавањето на дозволата | 55 | Од денот на издавањето на дозволата | 55 | Годишно |
| Lв | До денот на издавањето на дозволата | 55 | Од денот на издавањето на дозволата | 55 | Годишно |
| Lн | До денот на издавањето на дозволата | 45 | Од денот на издавањето на дозволата | 45 | Годишно |

| Табела 6.6.2 : Гранични вредности за индикатори на бучава во животната средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | За мерно место кое припаѓа на подрачје во III степен на заштита од бучава | | | | Фрекфенција на мониторинг |
| | До (датум) | L (dB) | Од (датум) | L (dB) ГВЕ | |
| Lд | До денот на издавањето на дозволата | 60 | Од денот на издавањето на дозволата | 60 | Годишно |
| Lв | До денот на издавањето на дозволата | 60 | Од денот на издавањето на дозволата | 60 | Годишно |
| Lн | До денот на издавањето на дозволата | 55 | Од денот на издавањето на дозволата | 55 | Годишно |

| Табела 6.6.2 : Гранични вредности за индикатори на бучава во животната средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | За мерно место кое припаѓа на подрачје со IV степен на заштита од бучава | | | | Фрекфенција на мониторинг |
| | До (датум) | L (dB) | Од (датум) | L (dB) ГВЕ | |
| $L_{Д}$ | До денот на издавањето на дозволата | 70 | Од денот на издавањето на дозволата | 70 | Годишно |
| $L_{В}$ | До денот на издавањето на дозволата | 70 | Од денот на издавањето на дозволата | 70 | Годишно |
| $L_{Н}$ | До денот на издавањето на дозволата | 60 | Од денот на издавањето на дозволата | 60 | Годишно |

6.6.2 Мерењето на бучава ќе се врши најчесто ноќе во услови на нормална работа во погонот за преработка на руда (работа на дробилките и др.) и погонот флотација. Мерењето на бучава може да се врши или дење или навечер доколку за тоа постои соодветно барање, при што мерењето ќе се врши или дење или навечер или ноќе.

6.6.3 Согласно “Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места”, Сл. весник на РМ, бр. 120/08) од што ќе зависат граничните вредности на емисија (ГВЕ) за бучава (L (dB)) согласно “Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина”, Сл. весник на РМ, бр. 147/08) дадени во Табелите 6.6.2., експлицитно од страна на операторот е наведено дека Инсталацијата припаѓа на трето подрачје.

6.6.4 Нема да има емисија на вибрации во животната средина.

# 7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

Инсталацијата нема сопствена пречистителна станица за фекална и техничка вода која се користи во процесот

# 8 Услови надвор од локацијата

Предлози Од страна на Операторот за измена и дополна на А- Интегрирана еколошка дозвола за граничните вредности за параметрите на квалитет за водите од испуст на дренажни и колекторски води од јаловиштето Скрдово.

Согласно реализираните активности и детално следење на квалитетот на водите од испуст на дренажни и колекторски води од јаловиште Скрдово, Друштво за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип – Подружница рудник Злетово Пробиштип во рамките на ово Барање за обнова и измена на А-Интегрирана еколошка дозвола ги дава следните предлози за промена на граничните вредности за параметрите на квалитет за водите од испуст на дренажни и колекторски води од јаловиште Скрдово до Министерството за животна средина и просторно планирање, Управа за животна средина Сектор за Индустриско загадување и управување со ризик, Одделение за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето:

Бидејќи водите од испуст на дренажни и колекторски води од Хидројаловиштето Скрдово се испуштат во површинскиот реципиент - река Киселица ( која е во II класа води), а чиј квалитет реално не е во II класа води, Друштво за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип – Подружница рудник Злетово Пробиштип дава предлог за измена на дозволените гранични вредности на параметрите за квалитет кои заеднички би ги дискутирале и дефинирале при преговорите со Сектор за Индустриско загадување и управување со ризик, Одделение за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето при Управа за животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**<u>Опис на надворешните влијаниа врз квалитетот на водите на река Киселица (Дадени од Операторот).</u>**

Кога се разгледува состојбата со животната средина, посебно загадувањето на водите на река Киселица, не може а да не се земат предвид сите влијаниа во околината, како на индустриските капацитети, така и фекалните отпадни води, историските загадувања и квалитетот на водата од природните извори и водотеци.

Реката Киселица во последните години речиси и да е пресушена и претставува суводолица. Најголемиот дел од водите во реката, после градот, потекнуваат од фекалната канализација на општина Пробиштип и отпадната вода од индустриските капацитети.

**<u>Квалитет на водите на река Киселица од изворниот дел до градот Пробиштип.</u>**

Рекичката Киселица започнува да се формира на падините на планината Плавица

На околу 1100 метри надморска височина.Реката е формирана од повеќе извори. Пределот во кој се формира реката е познат по рударството уште во римско време. Најголемиот дел од водите излегуваат од старите јами. Водата е со ниска pH вредност и богата со растворени минерали и тешки метали.За квалитетот на овие води се правени повеќе истражувања од страна на различни установи. На универзитетот Гоце Делчев во Штип се вршени анализи на водите за повеќе дипломски работи. Резултатите од мерењата покажуваат дека уште во почетокот на формирањето на водотекот се забележуваат високи концентрации на тешки метали и ниска pH вредност. Во продолжение на овој извештај се дадени резултатите од испитувањето напаравено во дипломската работа под наслов “ Дистрибуција на тешки метали во водите на Киселичка река и контаминација на делови од Злетовска река и Брегалница“ изработена во 2004 год.

**<u>Фекални отпадни води</u>**

По течението на река Киселица се до градот Пробиштип нема испусти на фекални и индустриски отпадни води. Со влегувањето на реката во приградстка населба започнуваат и некотролирани испуштања на првенствено фекални води.Околу 70% од фекалните води од градот Пробиштип се испуштат во Киселичка река.Во прилог е дадена мапа на која се одбележени главните испусти на фекална канализација.
Во градот Пробиштип не постои пречистителна станица за фекални отпадни води.

**<u>Други извори на загадување на река Киселица</u>**

Во својот тек реката поминува директно и низ насип на згура од поранешна термоцентрала. Квалитетот на провирните води од згурата е непознат.

Во реката директно се вливаат површинските и подземни води од старите хидројаловишта во непосредната околина на Пробиштип и во близина на хидројаловиштето Скрдово.

Покрај самата река се сместени и мали сточарски фарми на физички лица.Отпадните води одат директно во реката.

Во Киселичка река директно се вливаат и дел од технолошките води на фабриката за батерии и акумулатори ТАБ МАК. Оваа отпадна вода е со, за нас непознат хемиски состав.

Како притока се влива и Стрмошка река која помунува низ селото Стрмош, а со која доаѓаат и отпадните води од рудникот за неметали Стрмош.

ОПИС НА НАДВОРЕШНИТЕ ВЛИЈАНИА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ ВО ХИДРОЈАЛОВИШТЕ СКРДОВО

Хидројаловиштето Скрдово на рудникот Злетово е во употреба од 1987 година. Досега во него се депонирани околу 6 милиони тони флотациска јаловина. Избистрените води од хидројаловиштето се испуштат преку преливен колектор и дренажен систем.

Квалитетот на отпадните води редовно се следи преку земање примероци и анализи во акредитирана лабораторија. Редовно се доставуваат извештаи до Министерството за животна средина и просторно планирање и до Државен инспекрорат за животна средина, согласно А- Интегрираната еколошка дозвола. При анализите е утврдено дека некои од испитуваните параметри се повисоки од оние кои се дефинирани во интегрираната еколошка дозвола, посебно манганот. Квалитетот на атпадните води не се должи само на работењето на компанијата трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип.Тој квалитет зависи и од претходното работење на рудниците, односно флотацијата. На квалитетот на отпадните води од хидројаловиштето имаат и условите надвор од локацијата.

1.Во хидројаловиштето директно се вливаат дел од водите кои доаѓаат од инсталацијата на фабриката за батерии и акумулатори ТАБ МАК и погонот за рециклирање на отпадни акумулатори и батерии. Овие води, според нашите анализи се загадени со тешки метали и концентрациите се над граничните вредности од дозволата на рудник Злетово.Што значи дека хидројаловиштето прима дополнителни каличества на тешки метали кои се појавуваат на излез. Овие води се со променлив проток во текот на годината.Министерството за животна средина и просторно планирање и Државниот инспекторат за животна средина треба га до имаат ова предвид при понатамошните извештаи со цел да се земат предвид сите влијаниа.

2.Во непосредна близина на хидројаловиштето се наоѓа и градска депонија за комунален отпад. Депонијата воопшто не е санитарно уредена и сите површински и подземни води од депонијата се слеваат во хидројаловиштето. Овие води се со непознат квалитет. И тие води, односно содржините на различни хемиски елементи, се појавуваат на излез од хидројаловиштето.

3.На околу стотина метри од хидројаловиштето Скрдово се наоѓаат и старите јаловишни депонии кои воопшто не се рекултивирани. Старите депонии се на повисоко ниво од Скрдово и постои можност за продир на подземни води. При еолската ерозија на старите депонии, голем дел од материјалот доаѓа и до Скрдово.

4.Транспортниот систем за хидројаловина во најголем дел поминува преку старите јаловишни депонии. Дел на транспортниот систем за хидројаловина поминува низ приватни градежни парцели и концесионерот нема секогаш можност за интервенции и одржување.Транспортниот систем делумно е затворен согласно А-ИЕД.Не може да се гарантира дека некој друг би можел да внесе отпадни материи во транпортниот систем.За овој проблем повеќепати сме се обратиле до општината и други надлежни институции.Писмо известување до Министерството за животна средина и просторно планирање и градоначалникот на општина Пробиштип, од 12.12.2019 год. Повторено барање до градоначалникот на Пробиштипод 02.07.2019 година со број 10-666/1.Добиено мислење од Министерството со архивски број 11-2240/13 од 31.12.2018 год. Делови од транспортниот систем поминуваат и пониско во старите јаловишни депонии (вкопани) отколку што е нивото на сувиот депониран флотациски отпад, поради самиот пад на токот на транпортниот систем.При атмосферски води и ветар, дел од стариот материјал се слива во каналетките на транспорниот систем и дополително внесува флотациска јаловина.

5.На дел од трасата на транспортниот систем, општината има формирано депонија за градежен шут. Транспортот на градежен шут се одвива преку транпортниот систем за хидројаловина.Градежниот шут е на повисоко ниво од самиот транспортен систем. Постои опасност од сливање на отпадни води и материјал во самиот транспортен систем.

# 9 Програма за подобрување

9.1 Операторот ќе треба да ја спроведе Програма за подобрување, предложена од негова страна со мерки кои се однесуваат на заштита на животната средина.
Програмата за подобрување, предлложена од Операторот, ги вклучува следните активности:

| Реден број | Активност | Цел | Време на имплементација |
|---|---|---|---|
| 1 | Сертификација на Системот за менаџмент со енергија согласно барањата на Стандардот ISO 50001:20018 | Со цел Организацијата да ја потврди својата посветеност за справување со целокупното влијание, како и да обезбеди заштеда на ресурсите и подобрување на профитот преку ефикасно управување со енергијата во Програмата за подобрување е предвидена сертификација на имплементираниот Систем за менаџмент со енергија ISO 50001. | Декември 2026 год. |
| 2 | Санација на просториите на реагентното одделение за подготовка на хемиски средства и обнова на опрема за подготовка на раствори на хемиски реагенси | Со цел за што побезбедно ракување со хемиските средства кои се користат во процесот на флотирање на олово цинковите минерали, намалување на потрошувачката на средствата и намалување на емисиите во води ќе се изврши санација на просториите и набавка на нова опрема (пумпи, мешачи, резервоари и др.) | Јуни 2027 год. |
| 3 | Изградба на магацин (настрешници) со одделни боксови за скалдирање на отпад што се создава во флотацијата | За успешно управување со отпадот кој се создава во технолошкиот процес и другите активности (отпад од пакување, комунален отпад и др. освен отпад од преработка на рудата-флотациска јаловина) потребно е редовно селектирање и времено | Декември 2027 год. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | складирање се до предавање на овластени компании. Досега се складираше на одредени локации, но се покажа дека е потребно доуредување на просторот и заштита од атмосферски влијанија и евентуално истекување на исцедок. | |
| **4** | Санација на резервоарите за технолошка и јамска вода што се користи во процесот на флотација, по изготвен проект | За санација на ресервоарите за прием и складирање на технолошка вода за процесот на флотација (повратна вода од хидројаловиште, јамска отпадна вода) е изработен проект за санација на резервоарите. Со цел да се спречи евентуално истекување или понирање на водата. При санацијата ќе бидат заменети и сите вентили и цевки во резервоарите на влез и на излез. | Мај 2029 год. |
| **5** | Замена на транспортниот систем за флотациска јаловина (каналетки) во првите 500 метри кон хидројаловиштето и поставување согласно деталниот урбанистички план | Согласно Деталниот урбанистички план за делот каде поминува транспортниот систем за хидројаловина потребно е да биде изместен транспортниот систем (каналетки) согласно планот и да биде во затворен систем доколку така покаже анализата и изработката на проектната документација. Замената би била на првите 500 метри од транспортниот систем каде поминува и на приватно земјиште | Мај 2030 год. |
| **6** | Изградба на одлагалиште за рудничка јаловина во концесискиот простор во | Во моментов рудничката јаловина во рудното лежиште Добрево се | Декември 2029 год. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Добрево | депонира на времена локација со времена согласност од општина Пробиштип. Дел од рудничката јаловина се користи и ќе се користи за рекултивација на низводната косина на хидројаловиштето Скрдово. Предвидено е локацијата за депонирање на рудничката јаловина да биде во концесискиот простор на рудникот во Добрево. | |
| **7** | Изработка на проект за третман на отпадните комунални води во Добрево | Во селото Добрево каде што се наоѓа рудникот на компанијата Булмак 2016 нема канализационен систем. Отпадните води од рудникот како и од селото се испуштаат во Добревски дол. Отпадните води од рудникот во најголем дел потекнуваат од води од бањата и кујната. Во претходниот период се извршени анализи на водата и е покажано дека нема големо загадување за да може да се примени биолошко-бактериска пречистителна станица. Во Пробиштип не постои пречистителна станица за фекални отпадни води, па неможе да се прочистува и водата во Добрево доколку се собира во септички јами и се испумпува. Ќе се направи анализа за можностите за прочистување, по можност заедно со водите од село Добрево во соработка со општина Пробиштип | Декември 2026 год. |

# 10 Договор за промени во пишана форма

10.1 Кога својството “или како што е друго договорено написмено” се користи во услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

10.1.1 Операторот ќе даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола: и

10.1.2 Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

10.2 Секоја промена предложена според условот 10.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементацијата на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

10.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работи поврзани со неа, а кои се од типот на:

а). Материјална промена или зголемување на:

- природата или количината на било која емисија;
- системите за намалување/третман или преработка;
- опсегот на процесите што се изведуваат;
- горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад, или

б). Било какви промени на:

- инфраструктурата на управување со локацијата или контрола со несакано еколошко влијание;
- набавувачите кои би имале влијание врз животната средина

ќе се изведат или ќе започнат со претходно известување за тоа, и со договор со Надлежниот орган.

# Додаток 1

## Писмена потврда за известувања

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина

Потврдата треба да содржи

### *Дел А*

☐ Име на операторот.

☐ Број на дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:

- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### *Дел Б*

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта.................................

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа дозвола, се наведени подолу.

**Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот**

| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Период на давање извештаи** | **Почеток на периодот** |
|---|---|---|---|
| pH | W1 | Три дена по извршеното мерење, согласно Табела 6.3.2 | Од добивањето на А-ИЕД |
| Проток L/s | W1 | | |
| суспендирани материи mg/L | W1 | | |
| БПК$_5$ mg $O_2$/L | W1 | | |
| ХПК mg $O_2$/L | W1 | | |
| Арсен, As μg/L | W1 | | |
| Кадмиум, Cd μg/L | W1 | | |
| Олово, Pb μg/L | W1 | | |
| Цинк, Zn μg/L | W1 | | |
| Никел, Ni μg/L | W1 | | |
| Манган, Mn μg/L | W1 | | |
| Железо, Fe μg/L | W1 | | |
| Жива, Hg μg/L | W1 | | |
| CN-, цијаниди μg/L | W1 | | |
| $S^{2-}$, сулфиди μg/L | W1 | | |
| pH | K1 | Три дена по извршеното мерење, согласно Табела 6.4.2 | |
| БПК$_5$ mg $O_2$/L | K1 | | |
| ХПК mg $O_2$/L | K1 | | |
| Температура °C | K1 | | |
| $L_{Д}$(dB) | M1, M2, M3, M4, M5, M6 | Три дена по извршеното мерење, согласно Табела 6.6.2 | |
| $L_{В}$(dB) | M1, M2, M3, M4, M5, M6 | | |
| $L_{Н}$(dB) | M1, M2, M3, M4, M5, M6 | | |

**Табела Д3: Извештаи за податоците од мониторингот**

| Параметар | Точка на емисија | Период на давање извештаи | Почеток на периодот |
|---|---|---|---|
| pH | W1 | неделно | Десет дена по истекот на месецот |
| Проток L/s | W1 | | |
| суспендирани материи mg/L | W1 | | |
| БПК$_5$ mg $O_2$/L | W1 | | |
| ХПК mg $O_2$/L | W1 | | |
| Арсен, As μg/L | W1 | | |
| Кадмиум, Cd μg/L | W1 | | |
| Олово, Pb μg/L | W1 | | |
| Цинк, Zn μg/L | W1 | | |
| Никел, Ni μg/L | W1 | | |
| Манган, Mn μg/L | W1 | | |
| Железо, Fe μg/L | W1 | | |
| Жива, Hg μg/L | W1 | | |
| CN-, цијаниди μg/L | W1 | | |
| $S^{2-}$, сулфиди μg/L | W1 | | |
| pH | К1 | квартално | Десет дена по истекот на секои три месеци |
| БПК$_5$ mg $O_2$/L | К1 | | |
| ХПК mg $O_2$/L | К1 | | |
| Температура °C | К1 | | |
| $L_{д}$(dB) | ММ1, ММ2, ММ3, ММ4, ММ5, ММ6 | годишно | До 31 Март секоја година |
| $L_{в}$(dB) | ММ1, ММ2, ММ3, ММ4, ММ5, ММ6 | | |
| $L_{н}$(dB) | ММ1, ММ2, ММ3, ММ4, ММ5, ММ6 | | |
| Емисии во вода | | Согласно Табела Д2 | |
| Годишен извештај за животна средина | | годишно | До 31 Март секоја година |
| Отпад | | годишно | Десет дена по истекот на календарската година |
| Енергетска ефикасност | | годишно | Десет дена по истекот на календарската година |
| Евиденција на инциденти | | како се случуваат | Во рок од три дена по инцидентот |
| Потрошена вода | | годишно | Десет дена по истекот на календарската година |

# Додаток 3

**Минимум услови за квалитет на материјали за запечатување на хидројаловиште(предлог решение за запечатување на хидројаловиштето Скрдово)**

**Запечатуањето на хидројаловиштето ќе биде изведено на следниов начин:**

- **Вештачка глина (бентонит) со коефициент на** водопропустливост K ≤1.0 h$10^{-9}$m/sek,
- **Геомембрана со висока густина**
- **Вештачки дренажен слој коефициент на** водопропустливост K ≤1.0 h$10^{-4}$m/sek,
- **Земја со дебелина од 1м;**

**Карактеристики на материјалите кои ќе бидат вградени:**

## 1. Вештачка глина (бентонит)

- **Минимална тежина од 4000г/м²**
- **Содржина на вода ≤ 10% од вкупната тежина**
- **Сертификат дека составот е на база на Na**
- **Сертификат дека е во форма на прашина, а не е во гранулација**
- **Сертификат за водонепропустност на преклопите**
- **Сертификат за статичка јачина на пробивање ( >1900 N )**
- **Сертификат за максимална јачина на затегнување (> 10 kN/м )**
- **Сертификат за отпорност на хемикалии**

## 2. Geomembr ana

- mi ni mal na debel i na 1≥ mm
- HDP E (pol i et i l en) so vi soka gust i na
- ser t i f i kat za ot por nost na hemi kal i i
- ser t i f i kat deka e pr oi zvedena so pr oces na ekst r udi r awe
- ser t i f i kat deka e pr oi zvedena od ner eci kl i r an mat er i jal
- ser t i f i kat za kompat i bi l ni st i st abi l nost za odnesuvawet o na kont akt nat a povr { i na pome| u ve{ t a~kat a gl i na i geomembr anat a
- ser t i f i kat za vr eme na i ndukci ja na oksi daci ja (OIT),(≥ 100/mi nut и)
- ser t i f i kast za zabel e` ano konst ant no opt er et uvawe na zat egnuvawe (NCTL t est ), ( ≥ 500/~asa)
- ser t i f i kat za r ast egl i vost (% na r ast egl i vost ) >8% vo si t e pr avci
- ser t i f i kat za ot por nost na ki newe ( >200 N)
- ser t i f i kat za ot por nost na pr obi vawe (> 5 000 N) ser t i f i kat za pot vr da na debel i nat a na geomembr ana
- (maksi mal no dozvol eno odst apuvawe 5%, a pr epr a~l i vo da nema vakvo odst apuvawe vo debel i nat a)

## 3. Вештачки материјал за дренажа (геотекстил- јадро-геотекстил)

- **Дебелина на материјалот ≥10 мм**
- **Вкупна тежина на материјалот ≥900г/м²**
- **Сертификат за сила на пробивност ≥ 3.5 KN**
- **Сертификат за максимална влечна сила (≥ 20/25 kN/м)**
- **Сертификат за растегливост ( % на растегливост ) ≥ 50%**
- **Состав на слојот од геотекстилотPP (полипропилен) бел нерециклиран**
- **Минимална тежина на геотекстилот ≥150г/м²**
- **Дебелина на слојот од геотекстилот ≥ 2мм**
- **Пропустливост на вода на геотекстилот ≥ 90 л/см²**
- **состав на јадрото полипропилен црн**

- 4. Za si te pogor e navedeni te mi ni mum usl ovi za mat er i jal i te ќе dost avi ме at est za mat er i jal i te i zdaden od nezavi sna akr edi ti r ana l abar at or i ja, so koj se doka` uva ver odost ojnost a na dekl ar i r ani te kar akt er i sti ki na mat er i jal i te.
- 5. Za si te mat er i jal i ќе se dost avi f abr i ~ka dekl ar aci ja deka ti e se pr oi zvodi tel i na poso~eni te mat er i jal i .
- 6. Do kol ku nabavi ме mat er i jal i od dve i l i pove} e f abr i ki vo t oj sl u~aj zadol ` i tel no ќе dost avi ме at est za kompat i bi l nost a na mat er i jal i te i zdaden i st o t aka od nezavi sna akr edi ti r ana l abor at or i ja.
- 7. Pr i vgr aduvawet o na mat er i jal i te koi i maat f unkci ja na za{ ti ta na podzemni te i povr { i nski vodi kako i po~vat a zadol ` i tel no ќе бараме i zveduva~ot da poseduva (DVS) i zdaden od r el evant na i nst i t uci ja so koja se pot vr duva ost r u~enost a za post avuvawet o na soodvet ni te mat er i jal i .